Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Министерство за култура**

Архивски знак:_______________
Рок на чување:_______________год.
_____________20____год.
Потпис,
_______________

Министерство за култура
на Република Македонија
ЕМБС 4219651

Сектор за нормативни и управи работи, авторско право и сродни права

Ул „Ѓуро Ѓаковиќ“ 61
1000 Скопје,
Република Македонија,

тел.: +389 (0)2 3207-431
факс: +389(0)2 3240 561
е-адреса:
@kultura.gov.mk
www.kultura.gov.mk1

**Бр.** УПл 52-2444
**Датум:** ~~**11.08.2017 година**~~ 12.09.2017г.

**До:**

**Здружение за заштита на авторските музички права**
**"ЗАМП"- Скопје**
**Ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр.28**
**С к о п ј е**

**Предмет:** Достава на Решение УП1 Бр. 52-2444 од 25.08.2017 година

Почитувани,

Во прилог на овој допис ви го доставуваме Решението за определување на организација која се смета за овластена за прибирање надоместоци за користење авторски музички дела и нивна распределба УП1 Бр. 52-2444 од 25.08.2017 година.

Со почит,

**М И Н И С Т Е Р**
**м-р Роберт Алаѓозовски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА СКОПЈЕ

Изработил: Драгана Ќурчиоска
Согласна: Весна Илиевска

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА ЗАМП
СКОПЈЕ

| Примено: | 14.08.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 269 | 1 | АВ |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Упл Бр. 52 - 2444
25.08 2017 год.

С к о п ј е

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,
______

Врз основа на член 149 став (5) од Законот за авторското право и сродните права (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16) и Предлогот на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права , Министерството за култура донесува:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за определување организација која се смета за овластена за прибирање надоместоци за користење авторски музички дела и нивна распределба

1. За организација која се смета за овластена за прибирање надоместоци од следните користења авторски музички дела:

- Умножување и изнајмување несценски музички дела на фонограми и видеограми;
- Јавно соопштување несценски музички дела (јавно изведување; јавно пренесување; радиодифузно емитување; реемитување и ставање на располагање на јавноста);
- Кабелско реемитување несценски музички дела и
- Надомест од правото на следство на оргинал (ракопис) на музички дела

и нивната распределба **СЕ ОПРЕДЕЛУВА - Здружението за заштита на авторските музички права “ЗАМП”- Скопје** .

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Против ова Решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Со Решение за давање дозвола за колективно управување (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 65 од 10.5.2011 година) на Здружението за заштита на авторските музички права “ЗАМП”- Скопје е дадена дозвола за колективно управување на правата за јавно соопштување несценски музички дела (јавно изведување; јавно пренесување; радиодифузно емитување; реемитување и ставање на располагање на јавноста); умножување и изнајмување несценски музички дела на фонограми и видеограми; кабелско реемитување несценски музички дела и надомест од правото на следство на оригинал (ракопис) на музички дела.

Со Решение за давање дозвола за колективно управување (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 79 од 19.04.2016 година) на Организацијата за колективно управување Здружение за заштита на авторски музички права – СОКОМ – МАП – Скопје е дадена дозвола за колективно управување на правата на јавно соопштување

несценски музички дела (јавно изведување; јавно пренесување; радиодифузно емитување; реемитување и ставање на располагање на јавноста); кабелско реемитување несценски музички дела; умножување несценски музички дела на фонограми и видеограми; на надоместок за изнајмување несценски музички дела на фонограми и видеограми и право на надоместок од правото на следство на оргинал (ракопис) на музички дела.

Доколку по исклучок за ист вид на права се издадени дозволи за колективно управување на две или повеќе организации, согласно членот 149 ставовите (3) и (4) од Законот за авторското право и сродните права, организациите се должни во рок од 60 дена од денот на издавањето на последната дозвола за колективно управување, да склучат меѓусебен договор со кој ќе го регулираат начинот на кој заеднички ќе вршат колективно управување со правата и во рок од пет дена од денот на склучувањето договорот да го достават до Министерството за култура

Согласно членот 149 став (5) од Законот за авторското право и сродните права доколку во рок од 60 дена од денот на издавањето на дозволата организациите не склучат меѓусебен договор, Министерството за култура на предлог на Комисијата за посредување, во рок од 30 дена со решение ќе определи која организација се смета за овластена за прибирање на надоместоците за користење на авторски дела, односно предмети на сродни права и за нивна распределба, имајќи ја предвид документацијата од членот 148 од овој закон.

Здружението за заштита на авторски музички права – СОКОМ – МАП – Скопје и Здружението за заштита на авторските музички права "ЗАМП"- Скопје не склучија меѓусебен договор и Комисијата за посредување во авторското право и сродните права до Министерството за култура достави Предлог со кој за организација овластена за прибирање на надоместоците за користење на авторски дела и за нивна распределба се определува Здружението за заштита на авторските музички права "ЗАМП"- Скопје.

Имајќи го предвид мислењето на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права, како и документацијата на двете организации од членот 148 од Законот за авторското право и сродните права, за очекуван и веројатен број на носители на права и обем на права кои организацијата за колективно управување ќе ги остварува, односно број на оние носители кои пристапиле кон организацијата и нивниот обем на права, за процена на економската оправданост за ефикасно и економично колективно управување со одредени права и за исполнување определени просторни, кадровски и други услови, се донесе Решение како во диспозитивот.

**М И Н И С Т Е Р,**

**м-р Роберт Алаѓозовски**

Подготвиле: Ацо Стефановски
Славица Спировска- Ѓорѓиевска
Проверила: Драгана Ќурчиоска
Одобрила: Весна Илиевска